**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**
бр.31-532/5
09 март 2016 година
С к о п ј е

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**г-дин Трајко Вељаноски**

# И З В Е Ш Т А Ј
## од Јавната расправа на Националниот совет за евроинтеграции за "Улогата на граѓанскиот сектор во процесот на европска интеграција на Република Македонија"

Националниот совет за евроинтеграции на 04 февруари 2016 година организираше јавна расправа на тема "Улогата на граѓанскиот сектор во процесот на европската интеграција на Република Македонија".

На јавната расправа беа поканети и присуствуваа претседателите и членовите на Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика и Мешовитиот парламентарен комитет РМ и ЕУ, како и претставници од државни институции, општините и голем број на организации на граѓанското општество. На јавната расправа присуствуваа претставници од Делегацијата на Европската унија во Република Македонија и од амбасади на земји-членки на ЕУ во Република Македонија.

На јавната расправа се обрати **г.Фатмир Бесими, заменик претседател на Владата на Република Македонија задолжен за европски интеграции**, при што информираше дека Владата на редовна основа ги консултира граѓанските организации за значајни теми поврзани со нивното општествено делување. Непобитен факт, истакна г.Бесими, е дека Владата како никогаш до сега не била потранспарентна во својот однос со граѓанските организации. Секретаријатот за европски прашања воспоставува системски пристап за постојан дијалог со граѓанските организации. Биле остварени циклуси на средби со граѓанските организации за различни теми: за Извештајот на Европската комисија за Република Македонија, за националните програми за усогласување со европското законодавство, за ИПА проектите. Во консултација со граѓанските организации се изготвиле документи кои произлегуваат од Пристапниот дијалог на високо ниво, организациите биле консултирани и за утврдување на приоритетите од ИПА II. Заради поголема инклузивност на граѓанскиот сектор на веб-страната на Секретаријатот за европски прашања, воспоставен е регистар за граѓански организации, за прашањата поврзани со европските интеграции и ИПА проектите. Досега биле регистрирани над 80 граѓански организации. Секретаријатот за европски прашања овозможува поддршка на граѓанските организации за изготвувањето на извештаи во контекст на европските интеграции и врши компаративни анализи на применетата методологија во подготовка на извештаите. Во оваа насока, се одржала дебата за методологијата на изготвување на извештаите од невладините организации и пристапот на државните институции кон

истите. Господин Бесими информираше за организираната дебата за стратешкиот документ за ИПА II, каде биле поканети околу 1.000 институции и невладини организации, со цел со свои дискусии да обезбедат учествуваат во дефинирањето на приоритетите за периодот 2014-2020 година. За големото значење на граѓанскиот сектор, г.Бесими се осврна и на Стратегијата за проширување на Европската унија, каде се потенцира дека граѓанскиот сектор ја зголемува политичката одговорност, социјалната кохезија, ја продлабочува соработката и реформите во пристапниот процес и го поддржува процесот на помирување меѓу заедниците во општеството. На крајот од обраќањето г.Бесими истакна дека државата, граѓанскиот сектор го гледа како партнер и коректор на политиките, и ќе помогне во процесот на реформи со вклучивање на свои експертизи за унапредување на општеството.

На јавната расправа со свои мислења, предлози и коментари учествуваа: г-ѓа Лидија Димова претседател на Национален совет за евроинтеграции, г.Фатмир Бесими заменик претседател на Владата задолжен за европски интеграции, г.Кенан Хасипи, г-ѓа Солза Грчева членови на Националниот совет за евроинтеграции, г.Димитар Мирчев член на Советот и претставник од Кабинетот на претседателот на Република Македонија, г.Томислав Тунтев пратеник и заменик-член на Комисијата за надворешна политика, г.Живко Митревски од Сојузот на синдикати на Македонија, како и претставници од граѓанските организации: г-ѓа Ана Чоловиќ Лешоска и г-ѓа Невенка Смилевска од "Еко-свест", г.Александар Николов од Асоцијација на развојни иницијативи "Зенит", г.Александар Јовановски од Институтот за европски политики, г.Андреа Стојковски од Македонскиот центар за европско образование, г.Суад Мисини од Истражувачкиот центар за граѓанско општество, г.Миша Поповиќ од Институт за демократија "Социетас цивилис", г.Александар Гавриловски од здружение "Иницијатива" од Прилеп, г-ѓа Савка Тодоровска од Националниот совет на жени на Македонија, г.Благој Шаклевски претседател на Комисијата за меѓународна соработка и евроинтеграции при општина Битола и г.Александар Гочев од "План 4Д".

На јавната расправа беа изнесени различни мислења и ставови во однос на улогата и статусот на граѓанскиот сектор, за одредбите од Законот за здруженија и фондации кои ја уредуваат оваа област, за потребата од потранспарентен однос на институциите кон граѓанскиот сектор особено во процесот на креирање на политиките, потребата за дестигматизирање на невладините организации. Во излагањата на учесниците се потенцираше и потребата за зајакната соработка на граѓанските организации особено на локално ниво, потребата од економска независност и самоодржливост на организациите, децентрализација на целите и овозможување поединецот да учествува во креирање на општествените политики, потребата за демонополизација на изворите на финансирање, за интердисциплинарен пристап во дејствувањето на невладините организациии и утврдување на областите на делување.

Дел од учесниците на јавната расправа укажаа на подобрениот пристап на Владата кон граѓанските организации, што се должи на заложбите од страна на Заменик претседателот на Владата задолжен за европски интеграции г.Фатмир Бесими.

***Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции г-ѓа Лидија Димова*** во својата дискусија истакна дека Европската комисија има воведено нов приод со кој пристапувањето во ЕУ започнува со поглавјето 23, од каде практично се согледува зрелоста на граѓанското општество кое е индикатор за тоа колку државата е подготвена да стане полноправна членка на ЕУ. Граѓанскиот сектор претставува индикатор колку општеството има волја да стане дел од ЕУ. Во текот на пристапните преговорите по сите поглавја, Европската комисија и земјите-членки на ЕУ имаат

бројни инструменти кои им стојат на располагање за да интервенираат. Државата може да се штити себеси единствено доколку има развиени граѓански организации и граѓански сектор. Госпоѓа Димова се осврна на забелешките на Европската комисија во однос на граѓанското општество за 2015 година, од регионална перспектива. Во Република Србија нотиран е мал напредок во однос на соработката меѓу Владата и граѓанското општество и потребен е дополнителен напор за да се оствари транспарентен дијалог. Во Црна Гора состојбата е оценета малку подобро, има мал напредок во соработка на Владата со граѓанското општество, особено во пристапниот процес, но сепак забележано е на потребата за поголема транспарентност во процедурите во соработката меѓу Владата и граѓанските организаиции. Загрижува што некои организации се цел на локални медиуми и лично се напаѓаат. Во Косово има подобра соработка меѓу Владата и граѓанскиот сектор, се поздравува Стратегијата на Владата за соработка со граѓанското општество, но потребни се дополнителни мерки за правилно вклучување на граѓанското општество. Јавните финасии за невладиниот сектор треба да се обезбедат на транспарентен начин со јасно дефинирани критериуми. Кај Босна и Херцеговина нема напредок во подобрување на механизмите, додека во Република Албанија има добар напредок во обезбедување на институционалната рамка на соработка и консултациите со граѓанското општество.

Европската комисија во Извештајот за Република Македонија за 2015 година го констатира следното: постигнат е мал напредок, организациите на граѓанското општество продолжиле да изразуваат сериозна загриженост околу тешката клима во која работат. Организациите известувале дека се предмет на сурови критики од страна на политичари и на провладините медиуми, како и ограничена волја на Владата за дијалог. За време на политичката криза од 2015 година, организациите на граѓанското општество честопати одиграле конструктивна улога со бројни мирни протести, со учество на сите етнички групи барајќи при тоа поголема одговорност на политичарите. Може да се забележи политичка поларизација и поделба на организациите на граѓанското општество кои ја поддржуваат Владата и оние кои и се против неа. Националните власти треба да го вклучат граѓанското општество во процесот на изготвување на политиките и законодавството на поредовна основа и на ефикасен начин.

Во дискусијата г-ѓа Димова се осврна на резолуциите усвоени од Европскиот парламент кои се однесуваат на годишните извештаи на Европската комисија за напредокот на Република Македонија, во делот кој се однесува на граѓанското општество. Во резолуциите се забележува дека граѓанското општество треба да има позначајна улога во процесот на пристапување кон ЕУ, дека улогата на граѓанското општество се согледува посебно на полето на борба против корупцијата и на меѓуетнички план, и истото може да придонесе во процесот на инклузија и социјална кохезија. Во дел од резолуциите се потенцира етикетирањето како проблем. Во резолуцијата од 2011 година се осудуваат омаловажувањата и нападите на некои организации на граѓанското општество и личните клевети упатени на нивните водечки активисти. Во Резолуциите како забелешка е нотирана слаба стратегија на Владата за соработка со граѓанскиот сектор, дека граѓанските организации може да имаат значителна улога на полето на регионалната соработка, да бидат соодветно поддржани од ИПА и истата треба да биде подостапна за помалите организации. Во дискусијата се укажа и на парламентарната студија во која се повикува организациите на граѓанскиот сектор да бидат целосно вклучени во креирањето на ИПА. Во Резолуцијата од 2014 година се бара Владата да обезбеди минимална квота за следниот период на програмирање на ИПА, и 15% од средствата за недржавни актери, како и да гарантира дека со техничката помош намената за граѓанскиот сектор, самостојно ќе раководат граѓанските организации. Како констатација во усвоените резолуции се нотира потребата за доделување на повеќе средства на граѓанското општество.

***Членот на Националниот совет за евроинтеграции и пратеник г-ѓа Солза Грчева,*** во дискусијата изнесе мислење дека Владата не соработува доволно со невладиниот сектор. Според г-ѓа Грчева, држава без граѓанско општество не може да напредува и да го трасира патот кон ЕУ, при што изнесе дека токму на тоа поле во последните години државата назадува. Во дискусијата се изрази загриженост што граѓанските организации имаат привилегија да ја критикуваат и власта и опозицијата, при што беше укажано на неопходноста организациите да бидат неутрални и да формираат база за искажување на барањата на граѓаните. Беше упатена критика кон граѓанскиот сектор во однос на договорот од Пржино, бидејќи граѓанските организации не побарале процесот да биде инклузивен и не инсистирале да бидат дел од него, имајќи предвид дека политичките партии не се нивни репрезенти. Во дискусијата беше покренато прашањето - зошто цивилниот сектор не реагирал порано, пред да се изгласа изборниот модел кој фаворизира биполарност во Република Македонија. Исто така се изнесе забелешка кон цивилниот сектор што дозволил да се утврдат 6 изборни единици, да се избере моделот каде нема простор за избор на независни пратеници. Госпоѓа Грчева апелираше до граѓанските организации да не застануваат на една политичка страна, бидејќи граѓаните нема да ги препознаваат и нема да бидат автентични. Апелираше цивилниот сектор да ја остави политиката на страна и да се залага за демократизација на Република Македонија. Во дискусијата се изрази задоволство што сеуште постојат граѓански организации кои останаа автентични. Цивилниот сектор треба да се позиционира онаму каде што му е место, од граѓаните и за граѓаните.

***Претставникот од "Еко-свест" г-ѓа Ана Чоловиќ Лешоска*** во дискусијата истакна дека невладините организации гледаат кон ИПА и нејзината имплементација како главна алатка во приближувањето кон Европската унија. Во 2007 година организацијата "Еко-свест" била единствена невладина организација која учествувала во консултативниот процес за подготовка на оперативната програма за животна средина и транспорт. Граѓанските организации, информираше г-ѓа Чоловиќ Лешоска, очекуваат сериозно да бидат сфатени на јавните расправи и очекуваат да имаат пристап и увид до документи, да добиваат одговор дали се прифаќаат нивните коментари, предлози и забелешки, и да добиваат финален документ кој произлегува од расправата. Во Република Македонија потребен е суштински начин на консултирање и градење на принципот на партнерство. Како координатор на мрежата на 96 невладини организации т.н. ИПА механизам, г-ѓа Чоловиќ Лешоска истакна дека целта на оваа мрежа е на државните институции да им биде ставена на располагање експертиза во сите сектори во кои е одредена помошта на ЕУ и регулирана во националниот стратешки документ. Мрежата на ИПА механизмот може да даде придонес и екпертиза во сите сектори на ИПА и да консултира поголема група на граѓани и граѓански организации. Целокупниот ИПА механизам бил даден на располагање и било побарано од СЕП да бидат вклучени во работните групи за подготовка на секторските програми, Според г-ѓа Чоловиќ Лешоска, нема принцип на партнерство и почит кон организациите на граѓанското општество кое сака да ја подобри имплементацијата на ИПА проектите.

***Претставникот од Асоцијација на развојни иницијативи "Зенит" г. Александар Николов*** во дискусијата истакна дека граѓанскиот сектор треба да биде критички настроен на јавните политики и на начинот на практикување на власта со цел граѓанските организации да придонесат во надминување на проблемите. Сепак, улогата на критичар на јавните политики ја занемарува другата улога на граѓанскиот сектор - да биде партнер во реформите, во развојните процеси, имајќи го предвид капацитетот на граѓанскиот сектор (со човечки потенцијал, знаење и искуство во прибирање на финансии за одредени развојни процеси и др.).

Според г.Николов, нема доволна видливост во јавноста на граѓанските организации и дека отсуствуваат секојдневни реакции. Оттука, во преден план доаѓаат граѓански организации кои почесто изразуваат критики. Во дискусијата беше изнесено дека граѓанските организации имаат проблеми во обезбедување на донатори. Апелираше до донаторската заедница да ги поддржи граѓанските организации во соработката со државните органи , бидејќи истите нудат експертизи, достапност на ресурси и податоци кои може да се стават на располагање на државата.

Беше изразено несогласување дека автентични се оние граѓански организации чии ставови никогаш не се поклопуваат со партиските ставови. Граѓанските организации може да имаат идеолошка насоченост кон левицата или десницата и дека не е невообичаено да поддржуваат одредена политичка партија или програма во текот на изборите. Постојат стереотипи кај политичарите и државните органи дека граѓанските организации се приклонети кон опозицијата и дека критикуваат и добри и лоши политики, а ваквите стереотипи се пренесуваат и кај граѓаните. Носителите на јавните функции ги етикетираат граѓанските организации како испостава на некоја од политичките партии, при што во оваа насока се апелираше да се преземат одредени активности за да се надминат проблемите, а политичарите да прифатат дека граѓанските организации може да бидат партнер во развојот на процесите, но и критичар.

Како добар пример во однос на искористување на средства од ИПА програмата, г.Николов ја истакна прекуграничната соработка, односно Министерството за локална самоуправа одделува средства за покривање на трошоците за кофинансирање на проекти финансирани од Европската комисија. Се апелираше и до другите министерства во рамки на можностите, да определат средства за покривање на трошоците за кофинансирање во проекти каде може да се користат странски средства. Во ваквите случаи државата со мали буџетски средства ќе овозможи мобилизација на големи донаторски средства и поголемо искористување на донаторските средства кои се на располагање на Македонија, вклучително и оние поврзани со претпристапниот процес.

***Претставникот од Институтот за европски политики и „Мрежа23“ г. Александар Јовановски*** во дискусијата искажа благодарност до Вицепремиерот задолжен за европски прашања г.Бесими, за иницијативата и укажаната можност „Мрежата 23“ да ги претстави наодите од повеќемесечното следење на Итните реформски приоритети и политичкиот договор од Пржино. Во дискусијата беше укажано на можност за организирање на тематски состаноци каде би учествувале претставници од Владата, од Комисијата за европски прашања, Националниот совет за евроинтеграции и од Делегацијата на Европската унија во Република Македонија како клучен партнер, со цел да се даде заеднички заклучок и извештај за сè што е реализирано во однос на препораките од Итните реформски приоритети.

Беше истакнато дека Институтот за европска политика, се залага за формирање на национален фонд за кофинансирање на граѓанските организации.

***Претставникот од Македонскиот центар за европско образование, г. Андреа Стојковски,*** во дискусијата истакна дека нема автентични или помалку автентични невладини организации, нема невладини организации кои застапуваат одредена политика или пак се занимаваат со политика. Македонскиот центар за европско образование спровел второ анкетно истражување „Еврометар“ за ставовите и перцепциите на граѓаните, за прислушуваните разговори како и за пристапувањето во ЕУ и за политиките на Владата. Според спроведеното истражување, Собранието ужива доверба од 26,3% а невладините организации над 28%. Во однос на учеството на невладините организации во пржинскиот процес, г.Стојковски укажа дека не може невладините организации да влијаат над законите и почитувањето на предвидените рокови за исполнување на договорот. Македонскиот центар за европско образование

во текот на периодот на политичката криза остварил шест средби меѓу кои со претставници на меѓународната заедница, невладини организации и политички партии при што оваа организација излегла со ставови и предлози за подобрување на процесот. Во однос на процесот на дијалог помеѓу Владата и невладините организации беше изнесено мислење дека дијалогот е добар, но дека треба да се подобри, да биде почест и структуиран.

Во дискусијата се укажа на проблемот кај граѓанскиот сектор во однос на искористувањето на средствата од децентрализираната помош. Некои организации чекаат со месеци за исплата на средства за завршени проекти.

***Членот на Националниот совет за евроинтеграции и претставник од кабинетот на Претседателот на Република Македонија*, *проф. д-р Димитар Мирчев,*** го поздрави одржувањето на јавната расправа и во дискусијата укажа дека недостасуваат компаративни податоци за граѓанскиот сектор кои ќе покажат дека има големи разлики. Беше даден предлог во Законот за граѓански организации попрецизно да се прецизира статусот на граѓанските организации. Според г.Мирчев не постои проценка колку невладини организации постојат во државата. Беше изнесено мислење дека невладиниот сектор е фиктивен, односно виртуелен. Постојат невладини организации кои имаат само пет члена, и истите немаат интересна основа меѓу граѓанството. Во дискусијата г.Мирчев се осврна на финансирањето на организациите, укажувајќи на тоа колку од нив се финансираат од членарина, а колку од донации. Истакна дека освен организацијата „Европско движење во Република Македонија", која има централа во Брисел и одржува редовни контакти, не постои друга невладина организација која тоа го прави. Беше укажано и на појавата кога некои организации се формираат само за одреден проект и потоа се престануваат да работат. Во дискусијата беше укажано на потребата законски да се регулира употребата на одредени термини/имињата (како на пр.институт) кај невладините организации. Беше изнесено мислење што може да претставува институт и кое лице може да биде истражувач.

***Претставникот во Националниот совет за евроинтеграции од Сојузот на синдикати на Македонија г.Живко Митревски*** истакна дека се забележува важен напредок во континуитетот на третманот на граѓанските организации и дека граѓанскиот сектор полека си го наоѓа своето место. Во дискусијата се укажа дека е потребно да се направи дополнителна анализа во делот на користењето на методологијата при доделувањето на одредени средства, бидејќи во Република Македонија треба да се зајакне критериумот што може да биде, а што не граѓански сектор. Ова од причина што парите кои ги даваат европските граѓани мора да бидат валоризирани преку одржливи и видливи проекти кои даваат резултати. Господин Митревски истакна дека треба да се издиференцира третманот од една страна на синдикатите и граѓанскиот сектор од друга страна, како би можело со поголема одговорност и сериозност да се решаваат проблемите, особено од аспект на побрз процес на интегрирање на Република Македонија во евроатлантските организации.

***Претставникот од Институт за демократија „Социетас цивилис" г. Миша Поповиќ,*** во дискусијата изнесе мислење дека причина за големиот број на истражувачки граѓански организации се должи на тоа што истражувачките центри во образовните институции не ја вршат доволно својата работа. Невладините организации со мало членство, својот легитимитет го црпат од својата истражувачка работа, што не ги прави помалку вредни од организациите кои се базираат на членство. Се изнесе мислење дека постои институционализација на консултативниот процес и во голема мера зависи од политичката волја на претставниците на институциите. Во однос на преговорите во Пржино, беше искажано мислење дека за медиумите со политичките партии треба да преговараат професионалните здруженија.

Се укажа на потребата Владата постојано да прави консултации при донесувањето на политиките и подготовката на закони. Исто така, се укажа на потребата пратениците да го застапуваат вклучувањето на граѓанскиот сектор во процесот на донесување на закони.

***Претставникот од Истражувачкиот центар за граѓанско општество г. Суад Мисини,*** во дискусијата се осврна на уставното загарантирано право на здружување како суштина на постоење на невладините организации. Инпутот на невладините организации, г.Мисини смета дека е познат, сè она што може да претставува демократска легитимација на една држава, во светот е покренато од граѓанскиот сектор. Беше истакнато дека во невладиниот сектор има огромна маса на луѓе кои се експерти во своите области, луѓе со голем претприемачки дух во бизнис секторот, најинвентивните луѓе кои работат и продолжуваат да создаваат нова и демократска легитимација на Република Македонија. Г. Мисини искажа став дека во Република Македонија на невладиниот сектор се гледа како на непријатели. Во дискусијата беше искажано несогласување во однос на етикетирањето на невладиниот сектор за донаторите на средствата. Според г. Мисини, во 2016 година невладиниот сектор не постои и не треба да постои да ја фали работата на властите, што не значи дека нема свест за позитивните работи кои се направени, укажувајќи дека фокусот и заинтересираноста треба да е на неправилностите. Во дискусијата се сублимираше дека правото на здружување е дел од елементарните човекови права, организациите се стручни, креативни и продуцираат знаење и материјал, државата зависи од граѓанскиот сектор.

***Претставникот од здружението "Иницијатива" г.Александар Гавриловски,*** ја поздрави дадената можноста на јавната расправа да се презентираат теми и идеи поврзани со невладиниот сектор, со предлог до останатите институции во државата да го превземат овој тип на функционирање, особено единиците на локалната самоуправа. Како проблем за граѓанското општество, г.Гавриловски ја истакна неразвиеноста во руралните делови на државата. Единиците на локалната самоуправа немаат доволно капацитет или волја за обезбедување на стандарди за соработка со невладиниот сектор како и финансиска поддршка. Беше посочено на проблемот со буџетите на малите здруженија како една од поголемите пречки за нивно функционирање и за решавање на проблемите. Сите овие проблеми г.Гавриловски посочи дека се нотирани во Извештајот за напредок на Република Македонија. На крајот од дискусијата беше потенцирано дека зајакнато граѓанско општество претставува клучна компонента за секоја демократија.

***Претставникот од "Еко-свест" г-ѓа Невенка Смилевска***, истакна дека предуслов за остварување на улогата на граѓанскиот сектор во процесот на европска интеграција е да има соодветно учество на јавноста во донесувањето на одлуки. Во таа насока е една од вредностите врз кои почива Стратегијата за соработка со граѓанскиот сектор. Во оваа стратегија, предвидена е вклученоста на граѓанскиот сектор во креирање на политиките, со цел да бидат интегрирани интересите и предлозите на граѓаните во процесите на одлучување и спроведување. Предвидено е Владата да овозможи активно вклучување на граѓанските организации со еднаква одговорност и право на одлучување во тела кои креираат политики. Учеството во процесите на креирање на политики, донесување закони како и европската интеграција се стратешки приоритети на Владата. Според стратегијата исто така предвидено е и преземање мерки за обезбедување редовно консултирање и вклучување на организациите од страна на органите на државната управа. Според г-ѓа Смилевска, вклучувањето на граѓанските организации во донесувањето на некои стратешки документи заостанува или е несоодветно. Освен праксата на одржување на јавни расправи, невклучувањето на јавноста може да се согледа од неконсултирањето

на граѓанските организации во текот на изработката на стратешките документи. Можноста за коментирање, граѓанските организации ја имаат во фазата кога документите се веќе целосно изработени. Доколку Владата навистина има стратешки приоритет за учество на јавноста, ваквите практики во ниеден случај не треба да бидат пракса, бидејќи од една страна се спротивни на нејзините приоритети, а од друга страна пак се целосно спротивни на европските практики за учество на јавноста.

***Претставникот од Националниот совет на жени на Македонија, г-ѓа Савка Тодоровска***, во однос на родовата застапеност и во име на организацијата која ја застапува укажа дека во Собранието во 1991 година биле избрани само 4 жени од цела држава, а денес се 40 жени или 30%, истакнувајќи дека истото сеуште не е доволно. Во дискусијата беше изнесено мислење и во однос на извештаите на Европската комисија за напредокот на Република Македонија. Сите забелешки во последните 4-5 години остануваат исти, особено во делот на родовите прашања. Според г-ѓа Тодоровска, законите кои се однесуваат на правата на жените во изминатата година биле донесувани во скратена постапка, а во подготовките невладиниот женски сектор не бил поканет да учествува. Исто така, беше потенцираше забелешката за системот за распределба на средства за граѓанското општество, која останува неефикасна и неефективна. Во оваа насока се зинесе мислење дека организациите на граѓанското општество и понатаму се загрижени за заложбите на Владата за воспоставување дијалог. Беа посочени трите столба на општеството: власта односно политичките партии кои што одат кон власта, бизнисот кој тежнее кон профит и граѓанскиот сектор со интересите на општествените промени и доброто на граѓаните.

***Пратеникот во Собранието на Република Македонија г.Томислав Тунтев,*** ги сподели неговите сознанија за значењето и важноста на невладиниот сектор во канализирањето на односите, постапките, процедурите во Република Македонија. Во дискусијата беше изнесен став дека пратениците не ги застапуваат интересите на електоратот, дали поради изборниот модел, дали поради начинот на застапување на изборната листа, дали поради целокупната атмосфера во последните неколку години, поради што се оцени дека функциите на пратеникот се загушени. Според г.Тунтев, единствен коректив на општеството е невладиниот сектор. Во дискусијата беше изнесено дека во 2005 година Република Македонија ги исполни сите критериуми за да започне преговори за полноправно членство во ЕУ и стана земја членка кандидат. Според г.Тунтев, десет години подоцна Република Македонија е десет години подалеку од ЕУ. Европската Унија е систем на вредности за кои треба да постои свест и кои треба прво да ги почувствуваме и применуваме. Во дискусијата се изнесе мислење дека невладините организации треба да ја остварат клучната улога во овој период во Република Македонија, за да допрат до свеста кај граѓаните.

***Претседателот на Комисијата за меѓународна соработка и евроинтеграции при општина Битола г.Благој Шаклевски***, во дискусијата укажа дека е залуден обидот на некои невладини организации да се занимаваат со бројни теми од општественото живеење, а правото за тоа да го црпат само од насловот на организацијата запишан во Централниот регистар. Според г.Шаклевски забелешките од јавната расправа треба да се фокусираат на два столба: демонополизација и децентрализација на невладиниот сектор. Демонополизацијата го попречува развојот и објективноста на невладиниот сектор и истовремено го попречува секторот да се наметне како релевантен партнер во креирање на политиките на државно и локално ниво. Беше изнесени мислење дека во Република Македонија постојат неколку фаворизирани невладини организации кои се универзални и се занимаваат со целиот делокруг на општественото живеење. Повластените невладини организации не го

ослободуваат просторот на граѓанските организации од локално ниво. Постојат граѓански организации кои се со повластен статус со донаторите и граѓански организации на локално ниво кои мора да соработуваат со повластениот невладин сектор, се со цел да успеат да добијат финансиски средства. Согласно европската практика во донесувањето на сите локални документи како на пр.стратегија за млади, програма за социјална заштита и др., локалните власти мора да се консултираат и со невладиниот сектор на локално ниво, со што се дава легитимитет и кредибилитет на документот кој се донесува.

Во дискусијата г.Шаклевски укажа дека кога се зборува за децентрализација во контекст на невладиниот сектор се мисли на улогата на секторот во креирање на политиките. Не може да се зборува за креирање на политики и учество на невладиниот сектор без да се има во предвид локалната самоуправа како прва инстанца на практикување и имплементација на локалните политики. Интересот на невладините организации треба да произлезе од локалните места, да се делегира прво на локално ниво, потоа на централно ниво. Во овој момент во Република Македонија има целосно обратна перспектива. Во однос на финансирањето на невладините организации од странски донатори, беше укажано на ризикот од монополизација на теми и трендови во одреден период за одредени општествени сфери. Темите со текот на годините се менуваат, а со тоа и предзнакот на делување на невладините организации и нивната политика, па така акцентот се става на зајакнување на капацитетите, животната средина, ЛГБТ, правата на ранливите категории и сл. Според г.Шаклевски, со овој вид на финансирање странските донатори создаваат зависност која нема врска со демократијата. Се додека се создаваат организации кои од Владата или странски донатор очекуваат финансии, донаторот секогаш ќе има можност да влијае на политиката на граѓанскиот сектор. Беше укажано на потребата од економска независност и самоодржливост на организациите, демонополизација на изворите на финансирање, демонополизација на темите на делување на секое ниво, децентрализација на целите и овозможување поединецот да учествува во креирањето на општествените политики.

Во дискусијата г.Шаклевски апелираше до единиците на локалните самоуправи да најдат начин да формираат комисии за меѓународна соработка и евроинтеграции по примерот на општината Битола, со цел нивно поврзување на хоризонтално ниво, а последователно на тоа и групирање на регионално и национално ниво.

***Членот на Националниот совет за евроинтеграции и пратеник г. Кенан Хасипи,*** истакна дека расправата е во сосема друга насока и повеќе е насочено внимание на улогата на граѓанските здруженија. Искажа мислење дека граѓанскиот сектор е поларизиран и голем број на невладини организации и здруженија при менување на власта стануваат провладини.

Како еден од учесниците во работата на Националниот совет за евроинтеграции уште од неговото формирање, г.Хасипи укажа на потребата за почитување на и деловникот на советот и досегашната пракса во работењето. Имено, одлуката за организирање на темите за јавни расправи ја донесува Советот преку утврдување на програма. Беше изнесена забелешка што на јавната расправа не се поканети граѓански организации од турската етничка заедница. Во дискусијата се искажа мислење дека не постои начин како да се валоризира рејтингот на невладините организации бидејќи не се знае што се дискутира на нивните состаноци и дали се одржуваат седници.

Во дискусијата г.Хасипи укажа дека невладините организации треба да изнесат што направиле на патот на евроинтеграциите и колку од тоа што тие инсистирале било прифатено од страна на Владата. Членството во одредена невладина организација не значи и аполитизираност, но работата треба да се врши професионално и подеднакво без разлика која политичка опција е на власт.

***Претставникот од организацијата "План 4Д" г.Александар Гочев*** информираше дека оваа невладина организацијата работи на проект со вредност од 20.000 долари, како и дека организацијата досега не добила средства од страна на државата. Во дискусијата беше изнесено мислење дека европеизација на Република Макдонија не е можна без демократизација.

Имајќи ги предвид изнесените различни мислења и ставови, на крајот од јавната расправа ***претседателот на Националниот совет за евроинтеграции г-ѓа Лидија Димова,*** заклучи дека постојат различни толкувања и сфаќања што воопшто претставува невладиниот сектор. Постојат различни сфаќања за репрезентативноста на невладините организации и потребниот легимитетот да се биде дел од овој сектор. Различно се сфаќа консултацијата како процес и во оваа насока потребно е подобрување меѓу Владата и организациите на граѓанското општество. Во дискусиите се укажа на потребата за формирање на Национален фонд за финансирање, потребата за поголема комуникација и соработка со Собранието на Република Македонија. На јавната расправа се укажа на доцнењето на исплатата на средства за ИПА од страна на Министерството за финансии, се отвори прашањето дали членството во граѓанските организации го утврдува нивниот легитимитет, за поларизацијата на граѓанскиот сектор, за значењето и активностите на лоби групите и тинк-тенк организациите, за експертизата на невладиниот сектор, финансирањето од странски донатори, за политичкиот дијалог во процесот на пристапување кон ЕУ, даночните олеснувања, како и за подобрување на процесот на донесување на закони. На јавната расправа беше дискутирано дали донациите може да се врзат со членарината, раздвојувањето на организациите на граѓанското општество наспроти консултантските активности, децентрализацијата на граѓанскиот сектор, странските донации, улогата на донаторите и потребата од кофинансирање.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ,**
**Лидија Димова**

Доставено и до:
- Национален совет за евроинтеграции;
- Секретаријат за европски прашањ а;
- Комисија за европски прашања.